### *Општи податоци за училиштето*

ООУ „Круме Волнароски" - с.Тополчани е централно основно училиште, изградено во 1947 година и со децении ја обавува својата воспитно - образовна дејност.

Името го добило по народниот херој Круме Волнароски и во чест на Патронот, на 9 Мај го прославуваме Денот на училиштето.



ИСТОРИЈАТ ЗА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Круме Волнароски", Тополчани е основано 1948 година со решение од Секретаријат на општествени служби и општа управа при Собрание на општина Прилеп, бр. 09-85/1 17.03.1986.

Круме Волнароски
1909 - 1944

Името го добива по еден од седумте народни херои од Општина Прилеп, а се наоѓа во центарот на селото Тополчани. Тоа е рурално општинско основно училиште со внатрешна површена од 748 м2, и училиштен двор од 7000м$^2$. Училиштето располага со спортски терени и игралишта со површина од 1000м$^2$. Наставата се реализира на македонски јазик.

Централното основно училиште во кое се реализира настава од I до IX одделение се наоѓа во с. Тополчани, а во состав на истото влегуваат и осум подрачни училишта кои опстојуваат во населените места: Старо Лагово, Клепач, Чепигово, Алинци, Загорани, Ново Лагово, Галичани и Беровци. Во подрачното училиште во с. Старо Лагово се изведува настава од I до IX одделение, а во сите подрачни училишта се изведува настава од I до V одделение во комбинирани паралелки. Наставата се реализира на македонски наставен јазик.

Во составот на ЦОУ влегуваат: ППУ во с.Старо Лагово во кое се изведува настава од I до IX одделение, и подрачните училишта во селата: Чепигово, Алинци, Загорани, Беровци, Галичани и Ново Лагово во кои се изведува настава од I до V одделение во комбинирани паралелки.

Во оваа учебна 2023/24 година запишани се 138 (69м и 69ж) ученика. Наставата се реализира во една смена - претпладне, а учениците се распоредени во 20 паралелки. Наставниот час трае 40 минути. Учениците од прво, второ и трето одделение се оценуваат описно, во четврто, петто и шесто одделение комбинирано (описно и бројчано на крајот на учебната година) и од седмо, осмо и деветто одделение - бројчано.

Директор на училиштето е Дејан Бунтески, раководител на ППУ Старо Лагово е Анета Тренкоска, а стручни соработници се: социолог - Јасмина Караниколова и педагог - Фота Дорошевска. Наставата ја реализираат 29 наставници од кои 12 во одделенска настава и 17 во предметна настава.

### *Постигнати позначајни резултати*

Општиот успех на ниво на училиште за учебната 2022/23 година е 4,05.

| Учебна година | Среден успех | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | IV-IX |
| 2020/2021 | 4.14 | 4.07 | 4.27 | 3.72 | 3.95 | 4.14 | 4.02 |
| 2021/2022 | 4.26 | 4.34 | 3.29 | 4.22 | 3.75 | 4.30 | 3.95 |
| 2022/2023 | 4.10 | 4.34 | 4.25 | 3.60 | 4.15 | 4.19 | 4.05 |

Училиштето во соработка со локалната самоуправа, ги подобри условите за работа преку реаконструкција на ѕидови и тавани во ЦОУ Тополчани, реконструкција на санитарни јазли во ППУ Старо Лагово, партерно уредување на дворовите во истите и сл. Исто така, училиштето располага со доволен број на лаптопи, таблети, смарт табли, ТВ-апарати, нагледни средства и помагала по наставни предмети.

Учениците учествуваа во разни СУА, како и на регионални и републички натпревари, а училиштето активно се вклучи во МИМО активности кои ги реализираше со партнер училиштето „Кирил и Методиј", с.Канатларци.



Во оваа учебна 2023/2024 година од страна на МОН, добиени се бесплатни учебници за учениците од I до IX одд., со исклучок на III и VI одд. каде има доцнење на доставата на учебници.

Училиштето ќе продолжи со електронско прибирање на податоци во ЕСАРУ/ХРМ системот за уредно водењето на Е-дневник.

***Мисија***

Училиште во кое сите ученици ќе постигнат успех, успех кој ќе ги води кон правилен пат во животот со што ќе се стекнуваат различни знаења и вештини, развивајќи самодоверба и поттикнување на критичко мислење во остварување на воспитно-образовните цели.

***Визија***

Модерно и иновативно училиште на 21 век, отворено кон промени, каде во центарот на вниманието е ученикот.

### *Организација на воспитно-образовната дејност во училиштето*

Организацијата на воспитно-образовната дејност во училиштето е во согласност со Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници, Новата концепција за основно образование, како и со наставните планови и програми од БРО.

Воспитно - образовната дејност во училиштето ги опфаќа следните подрачја: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, вонанаставни активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со

локалната средина, следење и вреднување на воспитно-образовната работа, како и кариерен и професионален развој на наставниот кадар.

Учебната година започнува на 1 септември 2023, а завршува на 31 август 2024 г. Во текот на наставната година се остваруваат најмалку 180 наставни денови. Наставната година ја сочинуваат две полугодија. Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 г., а завршува на 29 декември 2023 г. Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 г., а завршува на 17 јуни 2024 г. Во текот на учебната година се организира зимски, пролетен и летен одмор за учениците. Зимскиот одмор започнува на 30 декември 2023 г., а завршува на 19 јануари 2024 г. Од 29 април до 6 мај 2024 г. учениците ќе користат пролетен распуст. Летниот одмор започнува на 18 јуни 2024 г, а завршува на 31 август 2024 г.

## *Права на учениците*

-Ученикот има право да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира училиштето.

-Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учество во одделни активности во наставата, врз основа на издадена потврда од соодветна здравствена организација.

-Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото отсуствување родителот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.

-Ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.

-Ако ученикот или родителите не се задоволни од годишната оценка, родителот има право во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето кој треба да биде образложен.

-Ученикот кој поради болест или поради оправдани или неоправдани причини не ја посетува наставата најмалку една третина од фондот на наставни часови, полага одделенски испит.

-Ученикот кој има одличен успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува.

## *Обврски на учениците*

-Учениците имаат обврска редовно да ја посетуваат наставата и да ги исполнуваат планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа на училиштето.

-Учениците имаат обврска редовно и навремено да присуствуваат во училиштето и на часовите.

-Чување и одржување на имотот.

-Почитување на куќниот ред во училиштето

-Изразување почит и меѓусебна соработка со другите ученици и вработените во училиштето.

-Стремеж кон напредувње во учењето и свое лично самоусовршување, како и изградба на морални и хумани личности.

-Грижата за личната и општата хигиена во училиштето и училишниот двор, да е редовна навика на секој ученик.

-Пристојно, ненападно и чисто облекување, соодветно на возраста на ученикот.

-Учениците да се заштитуваат себеси и другите не внесувајќи опасни предмети во училиштето, не користејќи цигари, алкохол и други наркотични средства.

-Навремено да ги известат своите одделенски раководители, директорот и педагошко - социолошката служба, доколку забележат: штета во училиштето, сомнително или непознато лице или нешто друго, но и да ги информираат своите родители за активностите во училиштето и за своето напредување или проблеми во истото.





**ООУ „КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ“**
**с.ТОПОЛЧАНИ - ПРИЛЕП**

**ТЕЛ. 048 480/103**
**e-mail:krumevolnaroski@yahoo.com**